РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
ул. Бел Камен 13, 2310 Виница, Р. С. Македонија
тел/факс: +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
MUNICIPALITY VINICA
str. Bel Kamen 13, 2310 Vinica, R.N.Macedonia
phone/fax +389 (0) 33 361 945
ovinica@t-home.mk, www.opstinavinica.gov.mk

Јавно претпријатие за комунални работи
"СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
ВИНИЦА

| Примено: | 09.01.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Бр. | Прилог | Вредност |
| 02 | 30 | | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Бр.09 - 1269
29.12.2025 год.
ВИНИЦА

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ број 5/02“ и „Службен весник на РСМ број 202/2024“) и член 21 став 1 точка 43 од Статутот на општина Виница („Сл. гласник на општина Виница број 8/2010, 12/2014, 4/2019, 12/2022“), Советот на општина Виница на 4-та седница одржана на ден 29.12.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За давање Согласност на Програма за работа на ЈП за комунални работи „Солидарност“ - Виница за 2026 година, со Финансов план**

Член 1

Се дава Согласност на Програмата за работа на ЈП за комунални работи „Солидарност“-Виница за 2026 година, со Финансов план.

Член 2

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Виница“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Дипл.инг Гоце Василев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА

ЈП"СОЛИДАРНОСТ"-ВИНИЦА
Бр. 02-935/4
18.12.2025 год.

Арх. знак 0202
Рок на чување
18.12.2025

Врз основа на член 19 од Статутот на ЈП"Солидарност"-Виница, Управниот одбор на ЈП"Солидарност"-Виница на седницата одржана на ден 18.12.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За усвојување порогамата за работа за 2026 година**
**на ЈП Солидарност со финансов план - Виница**

**чл.1**

Се усвојува програмата за работа на ЈП Солидарност -Виница со финансов план за 2026 година.

**Управен одбор**
**Претседател**

Јавно претпријатие за комунални работи "СОЛИДАРНОСТ" Ц.О. Виница

Архивски знак 0102
Рок на чување 7014
12.12.2025

Јавно претпријатие за комунални работи "СОЛИДАРНОСТ" Ц.О.
Бр. 01-916
12.12.2025
ВИНИЦА

ЈП"СОЛИДАРНОСТ"ВИНИЦА
ТЕЛ: 033 363-125 ФАХ:033 361-478 E-mail: jkpvinica@jpsolidarnost.mk

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈП СОЛИДАРНОСТ ВИНИЦА ЗА 2026 ГОДИНА СО ФИНАНСОВ ПЛАН

**Виница, Декември 2025 год.**

Во делот на **Водоснабдување и одржување на водоснабдителните и канализационите системи во Општина Виница** како претежна дејност се планираат следните активности:

- Редовно снабдување со чиста и безбедна вода за пиење во градот и населените места во општината со кои стопанисува ЈП „Солидарност“.

- Тековно одржување на водоводната и канализационата инфраструктура во градот Виница и следните населени места: Истибања, Јакимово, Калиманци (маалата „Драка“ и „Висока“), Трсино, Трстија, Грлани, Пеклани, Крушево, Драгобраште (малата „Чукарлии“, „Мирмарци“ и „Криворамци“), Грљани (маалата Беловци, Петревции и Маринци), Липец, Лаки и Лески.

- Тековно одржување на електромашинската опрема и опремата за комплетна автоматизација и компјутеризација на технолошкиот процес на преработка на вода за пиење, набавка на потребните реагенси (алуминиум сулфат, хидрантна вар, полиелектролит, натриум хипохлорид, гасен хлор), редовно чистење на површинскиот захват над село Градец и на доводните цевководи. Испирање на градската водоводна мрежа согласно Правилникот за безбедност на водата за пиење.

- Тековно одржување на целокупната електромашинска опрема во процесот на преработка и дистрибуција на водата за пиење. Набавка на потребните реагенси за процесот на преработка на водата.

- Во месец Мај се планира испирање и хиперхлорирање на резервоарите и градската мрежа за водоснабдување во градот Виница согласно Правилникот за безбедност на водата за пиење.

- Чистење и хлорирање на резервоарите и во населените места согласно динамиката.

- Редовно санирање на помали и поголеми дефекти на водоводната и канализациона мрежа.

- Набавка на потопни пумпи за бунарските системи во населените места и бунарите за градот.

- Набавка на нови дозир пумпи за дозирање на реагенси и хлорирање.

- Набавка на фотопанели и дозир пумпи за хлор за резервоарите во населените места каде што нема довод на електрична енергија.

- Санирање на бунарските системи за водоснабдување на градот: бунар „Осојница“, бунар „Јакимово“, бунар „Дончово кладенче“.

- Изградба на нов регионален систем за водоснабдување на сите населени места во општината кои се наоѓаат северно од Пекљанска река (Пекљани, Грлани, Калиманци, Драгобраште, Трсино, Трстија и Крушево).

- Санирање на резервоари „Цигански рид“, во с. Пеклани,с. Грлани и с. Лески.

- Санирање на стар резервоар во с. Липец и ставање во употреба за напојување на висока зона во с. Липец.

- Имплементирање на SCADA систем за водоснабдување на градот и негова примена, за што веќе имаме изработено проект

- Изработка на нова водоводна линија на ул. „Илинденска“ (пат за Кочани) во должина од 493 метри и профил Ф 90 мм.

- Реконструкција на ул. „Ванчо Прке“ водоводна и канализациона мрежа во должина од 484 метри.

- Изработка на споеви на новопоставената линија на ул. „Гоце Делчев“ и пуштање во употреба.

- Поставување на мерачи на проток и притисок на главните водоводни линии.

- Изградба на захват и доводен цевковод на Виничка река за наводнување на градскиот парк и стадион.

- Монтажа на нови водомери со далечинско отчитување, проектот е аплициран пред 2 години до МЖС и ПП на РМ.

- Надворешна водоводна линија на улица „Видое Смилевски - Бато“ во должина од 250 метри и профил Ф 90 мм.

- Спојување на водоводната мрежа од село Крушево со село Драгобраште.

- Санирање на каптажите на водоснабдителните системи во селата Крушево, Трстија, Лески и Трсино.

- Редовно чистење на сите резервоари во населените места.

- Соработка со санитарниот инспектор околу исправноста на водата за пиење.

- Ажурирање графички и нумерички податоци за водоводната и канализациона мрежа врз геодетски и урбанистички подлоги за изработка на подземен катастар.

- Приоритетни активности кои ке бидат превземени се водоснабдувањето поради климатските промени.

- Реализацијата на сите горе наведени активности ке зависат пред се од степенот на обезбедување на финансиски средства од локално и од државно ниво.

- Изведување на водоводна мрежа согласно урбанистичките планови на градот и селските населби и програмата на ЕЛС Виница.

Реализацијата на сите активности ќе зависат од финансиските средства обезбедени од Општина Виница.

Во делот на **Одведување на урбаните отпадни води**, програмска определба во 2026 год. ќе биде довршување на отпочнати објекти и изградба на нови канализациони линии каде што ќе има потреба. Во наредната 2026 год. ќе се изведуваат следните канализациони линии:

- Довршување на надворешната фекална канализација ул. „М.Тито“ - пат за с. Јакимово

  - Должина: 345 м.
  - Пречник на цевките: Ф 250 мм

- Надворешна фекална канализација под археолошки локалитет „Кале“

  - Должина: 406 м.
  - Пречник на цевките: Ф 200 мм

- Реконструкција на дел од улица „В. Прке“

  - Должина: 140 м.
  - Пречник на цевките: Ф 200 мм

- Санирање на постоечки ревизиони шахти од јавната фекална канализација во Градот и општината:

  - Број на предвидени шахти за санација: 10

Реализацијата на горенаведените објекти и активности од областа на водоснабдувањето и одведувањето на урбаните отпадни води, ќе зависи пред се од степенот на обезбеденост на финансиски средства како од локално ниво исто така и од државни и меѓународни финансиски извори.

Во делот на **Комуналната хигиена**, во 2026 година ќе се продолжи со редовното собирање, транспортирање на комуналниот отпад на територија на Општина Виница и депонирање на истиот на депонијата во Кочани.

Собирањето на отпадот од наша страна ќе се врши двапати неделно во градот Виница и с. Јакимово, еднаш неделно во сите останати населени места каде ја вршиме дејноста: Градец, Лески, Истибања, Црн Камен, Драгобраште, Трсино, Трстија, Пеклани, Крушево, Липец и Лаки. Во с. Блатец собирањето го врши ЈП Кале Блатец а од наша страна само се врши транспортирање и депонирање на отпадот, согласно Одлука на Советот на Општина Виница.

Во текот на цела 2026 година отпадот ќе се складира на Кочанската депонија, во најдолните делови и на ограничен простор, а кога целосно ќе се затвори тогаш ние отпадот ќе го носеме на Претоварната станица во близина на раскрсницата Превалец, како што е предвидено со Проектот за ЦУО. Меѓутоа, тој процес ќе започне во 2027 год.

Значително ни се зголемени транспортните трошоци, како и трошоците за депонирање на отпадот на депонијата во Кочани, бидејќи плаќаме на КЈП Водовод Кочани за секој депониран кубен метар.

Програмата за работа на **Одделението одржување на механизација** се базира пред се на потребите од другите одделенија во составот на ЈП „Солидарност“ Виница.

Во делот на машино - браварските и дреарските области, активностите се реализираат тековно и е невозможно да се планираат и проектираат, туку треба да се биде апсолутно спремен, навреме да се реагира за да не трпат во време засегнатите одделенија.

Обновувањето на возниот и машинскиот парк во ЈП „Солидарност“ Виница треба да биде не само програмска определба, туку перманентна грижа за изнаоѓање можности за полесен пристап до извори на финансиски средства, преку определени проекти, заеднички настап на заинтересирани јавни комунални претпријатија преку асоцијацијата АДКОМ до одредени владини финансиски институции.

Една од дејностите а истовремено и програмска определба на ЈП за комунални работи “Солидарност” Виница, помеѓу другото е и **Одржување на православните гробишта** во Виница, кои се простираат на површина од околу 39.000 м$^2$.

Одржувањето на православните градски гробишта опфака активности кои ќе се одвиваат во континуитет и тоа:

1. Редовно ќе се одржува комуналната хигиена во гробиштата.
2. Ќе се врши бетонирање на платоа за гробни парцели и пристапни патеки до самите гробни парцели.

1. Одржувањето на комуналната хигиена ќе се врши преку следните активности:
   - Метење на заедничките прометни површини (патеки, влезови, тротоари) во и околу првославните гробишта.
   - Собирање на сметот кој што го исфрлаат лицата кои ги посетуваат местата каде се погребани блиските роднини и членови од потесното семејство. Сметот се депонира во канти што се поставени на самите влезови во гробиштата а потоа со возила се депонираат на градската депонија

За зачувување на околината во гробиштата и да се одбегне неконтролирано фрлање на отпадоци на одредени места се поставени метални канти за ѓубре што редовно се празнат.

Во градските гробишта на посебни места оставени за таа намена ќе се врши засадување на цвеќиња кои редовно ќе се окопуваат и наводнуваат.

За наводнување на цвеќињата и живата ограда во гробиштата се поставени пет чешми и истите ќе се користат од граѓаните кои ги посетуваат гробиштата.

Редовно ќе се врши косење на тревата и сечење на диви израснати дрвја, што особено се врши во стариот дел од гробиштата, кроење на живата ограда засадена на источниот дел од гробиштата, како и кроење на трендафилите и други украсни дрвца.

2. За порационално искористување на просторот ќе се врши бетонирање на истиот за максимално искористување на површините предвидени за гробни парцели.

Бетонирањето ќе го вршат наши работници од градежната оператива и тоа ќе се врши по потреба.

Во идната 2026 година се планира делумно оградување на Христијанската гробишта со поцинкувана мрежа од западната страна на гробиштата.

Оградување на новообезбедената парцела на која ќе започнат да се погребуваат починати лица во 2026 година со комплетна инфраструктура, изградба на патеки помеѓу гробовите, доасфалтирање на пристапната улица, изградба на паркинг простор пред парцелата, уредување на нови цветни површини, како и други активности за оплеменување на новиот дел од Христијанските гробишта.

Редовно одржување на јавниот тоалет кој е изграден во рамките на новата парцела на гробиштата, кој го изградивме на крајот на 2025 година.

# ФИНАНСОВ ПЛАН ЗА 2026 ГОДИНА

# НА ЈП „СОЛИДАРНОСТ“ ВИНИЦА

| КОНТО | ОПИС НА КОНТО | ИЗНОС 2025 | ИЗНОС 2026 |
|---|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали | 4.000.000 | 4.000.000 |
| 401 | Потрошено гориво и улје | 3.500.000 | 3.500.000 |
| 402 | Потрошена електрична енергија | 3.500.000 | 4.000.000 |
| 404 | Резервни делови и гуми | 800.000 | 650.000 |
| 411 | ПТТ услуги, телефон, интернет | 250.000 | 250.000 |
| 413 | Одржување на компјутери и софтвер | 300.000 | 150.000 |
| 417 | Рекламни паноа, РТВ, огласи | 80.000 | 60.000 |
| 419 | Анализа на вода | 500.000 | 500.000 |
| 419 | Агенција за времени вработувања | 5.000.000 | 3.000.000 |
| 419 | Други услуги | 500.000 | 500.000 |
| 420 | Бруто плата | 55.000.000 | 55.000.000 |
| 422 | Отпремнини и помош на вработените | 600.000 | 700.000 |
| 422 | Јубилејни награди и К-15 | 1.200.000 | 1.200.000 |
| 430 | Амортизација | 3.300.000 | 3.300.000 |
| 440 | Трошоци за службени патувања | 100.000 | 120.000 |
| 441 | Надомест на трошоци на вработени | 500.000 | 350.000 |
| 442 | Трошоци за членови на УО и НО | 380.000 | 250.000 |
| 443 | Донации и спонзорство | 100.000 | 100.000 |
| 444 | Репрезентација | 300.000 | 300.000 |
| 446 | Банкарски услуги | 350.000 | 400.000 |
| 447 | Данок на имот и членарини | 150.000 | 200.000 |
| 449 | Договор на дело и персонален данок | 2.000.000 | 500.000 |
| 449 | Регистрација на возила | 130.000 | 150.000 |
| 449 | Службени списанија,семинари и стручно надградување | 50.000 | 50.000 |
| 449 | Адвокатски услуги | 200.000 | 200.000 |
| 449 | Нотарски услуги | 500.000 | 400.000 |
| 449 | Судски трошоци | 60.000 | 100.000 |
| 449 | Административни трошоци | 30.000 | 30.000 |
| 449 | Надомест за тендер | 150.000 | 150.000 |
| 449 | Здраствени услуги на вработени | 100.000 | 30.000 |
| 455 | Вредносно усогласување | 100.000 | 100.000 |
| 468 | Казни,пенали,штети | 50.000 | 50.000 |
| 474 | Камати | 100.000 | 100.000 |
| 469 | Трошоци за спорови | 100.000 | 100.000 |
| | **ВКУПНО** | **83.930.000** | **80.490.000** |

| КОНТО | ОПИС НА КОНТО | ИЗНОС 2025 | ИЗНОС 2026 |
|---|---|---|---|
| 74 | Приходи од вода | 31.000.000 | 27.800.000 |
| 74 | Приходи од канализација | 7.800.000 | 7.120.000 |
| 74 | Приходи од собирање на смет | 28.000.000 | 29.000.000 |
| 74 | Приходи од јавна чистота | 3.900.000 | 4.000.000 |
| 74 | Приходи од христијански гробишта | 3.500.000 | 3.500.000 |
| 74 | Приходи од пазар | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 74 | Приходи од градежна група и водоинсталатери | 4.930.000 | 3.620.000 |
| 75 | Приходи од одржување на зеленило | 3.800.000 | 4.350.000 |
| | ***ВКУПНО*** | **83.930.000** | ***80.490.000*** |

**ЈП „СОЛИДАРНОСТ“ ВИНИЦА**
**ВД ДИРЕКТОР**
**М-р Игор Спасовски**